Република Северна Македонија
Министерство за здравство

# 1.11. Осврт на постигнати резулатати во период од јануари до јуни 2022 година

# прилог 2

## Шестмесечен извештај за постигнати резулатати во првата половина од 2022 година

Извештајот за остварени резултати од почетокот на тековната година до сега, е подготвен врз основа на доставените податоци на барање од Секторот за координација и стратешко планирање (полугодишен пресек на остварени резултати) и нивна анализа од три аспекти: структурална (спроведени активности поединечно од вработените лица во министерството), организациона (годишен план за работа на министерството за тековната 2022 година) и на крај онаа најсеопфатната анализа по стратешки програми и подпрограми (мерки и активности) кои се дефинирани во тригодишниот Стратешки план на министерството.

Во среднорочниот стратешки план на Министерството за здравство, дефинирани се три (3) комплексни стратешки програми, кои имаат специфика на континуитет, а нивното следење е поставено на поширока временска рамка. Стратешките програми содржат осум (8) потпрограми кои понатака се разгрануваат во еден нѝз од многубројни мерки. Целокупниот документ е компактен, развоен и интегрален кој овозможува транспарентност во работењето, коодинирано планирање, компатибилност на приоритетите и целите на Владата со целите на министерството и прегледност во колкава мера плановите се во согласност со фискалната стратегија и како истите се насочуваат кон приоритетните програми.

Анализата во прилог дава јасен преглед на степенот на остварување на дефинираните мерки и активности кои во самиот приказ се поврзуваат со гореспоменатите стратешки програми и подпрограми.

Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа – една од најкомплексните програми во планот која е претставена преку три подпрограми, преку кои се обезбедува и следи здравствената заштита на населението на сите три нивоа: превентивно, примарно и секундарно ниво.

Превентивната здравствена заштита има за цел унапредување на здравјето и превенција на болести и истата се спроведува преку повеќе мерки (14) и многубројни активности.

**Анализа на остварувања во стратешката подпрограма превентивна здравствена заштита:**

***Организирање и унапредување на крводарителството***
Степенот на успешност на остварување на предвидените активности во годишниот план за работа на министерството, заклучно со месец Јуни 2022 година изразено во финансии изнесува 17.124.606,00 денари од буџетската сметка и 4.740.960,00 денари од самофинансирачката сметка или околу 49% успешност на реализација на активностите во првите шест месеци од тековната година. Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 45.000.000,00 денари.
***Активна здравствена заштита на мајките и децата***

Одобрени средства за реализација на оваа програма за тековната 2022 година се 17.000.000,00 денари од кои 10.000.000,00 се средства предвидени од буџет и 7.000.000,00 самофининсирачки средства. Во првите шест (6) месеци се реализирани 5.815.408,00 денари или изразено процентуално 34,39%

***Национална програма за јавно здравје***

Вкупен износ на одобрени средства за реализација на програмата се 65.000.000,00 денари а во првите три месеци се реализирани 28.576.090,00 денари

***Задолжителна имунизација на населението***

Вкупен износ на одобрени средства за реализација на програмата за задолжителна имунизација се 665.000.000,00 денари. Во првите шест (6) месеци реализирани се 180.711.415,00 денари.

Координацијата и спроведување на вакцинацијата против Ковид-19, согласно планот се спроведува во 40-тина пунктови низ цела држава

***Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението***

Вкупен износ на одобрени средства за реализација на програмата се 14.500.000,00 денари. Во првите шест месеци се реализирани 1.543.464,00 денари или процентуално изразено 10,6%

***Рана детекција на малигни заболувања***

Програмата за рана детекција на малигни заболувања се реализира преку следните скрининзи:
-Скрининг за превенција и рано откривање на карцином на грло на матката
-Пилот скрининг на колоректален карцином во Република Северна Македонија
-Промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата
-Организиран мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка
-Промотивна активности за превенција и рана дијагностика на хепато-целуларниот карцином во рамките на новоотворениот Центар за болести на црн дроб

Вкупниот износ на одобрени средства за реализација на програмата се 25.570.000,00 денари. А во во првите три месеци се реализирани 746.640,00 денари. Програмата за рано откривање на карцином на грло на матка започна да се реализира од април месец во тек е усогласување на извештаи и фактури со извршителите на програмата.

Анализата на терен покажа недостаток од финансиски средства за реализација на предвидените програмските активности за тековната година (објаснето во текстот кој следи). И покрај ваквата фактичка состојба, со ребалансот на Буџет се кратат 2 милиони денари од Програмата "Рана детекција на малигни заболувања" што претставува дополнителен финансиски удар за реализација на планираните активности во оваа програма.

*воведена е платформа skrining mk

Програма за скрининг (zdravstvo.gov.mk) Ова е Функционална веб платформа на која жените на возраст од 36-45 години изразуваат интерес за да направат бесплатен ПАП тест кај својот матичен гинеколог доколку го имаат избрано, а доколку немаат системот им овозможува тоа да го сторат. Оваа активност е спроведена како резултат на активностите на Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на матка а промоцијата на платформата е презентирана on-line на матичните гинеколози.

Воведена е електронска фактура за фактурирање на матичните гинеколози, цитолошките лаборатории и други извршители на Програмата за рана детекција на малигни заболувања.

Изработено е проектното фише за ИПА 3 за делот скрининзи и за дојка и матка и за рак на дебело црево.

Во однос на скрининзите и бараните информации од страна на претставниците на ЕУ се доставени навремено и прифатени се предлозите и активностите во однос на унапредување на трите скрининг програми (дојка, матка и колоректален). Процесот е во фаза на финансирање. Канцеларијата на ЕУ побара повторно од нас да дадеме предлог проекти за унапредување на уште еден скрининг и тоа за рак на бели дробови и за опрема за колоректален карцином.

Воведување на активноста со мобилните гинеколошки клиники односно активно продолжување на проектот со мобилните гинеколошки амбуланти во соработка со УНФПА, е иновативен пристап на давање на здравствена услуга до жени во репродуктивен период во рамки на КОВИД 19 пандемијата. Оваа активност ќе се реализира до јуни 2022

На 28 март 2022 година се одржа настан – завршување на заеднички проект помеѓу УН агенциите - Заштита и иновативни здравствени услуги (мобилни гинеколошки услуги) организиран од Донаторите УН агенциите.

Понатака оваа активност би требало да продолжи да ја спроведува Клиника за гинекологија. Начинот на кој ќе се спроведува оваа активност од страна на клиниката за гинекологија бара дополнително дообјаснување во програмата.

Пилот скрининг на колоректален карцином се реализира само во мал дел од планирани активности. Проблемите се јавуваат пред се во недостатокот на соодветна апаратура на Клиника за

гастроентерохепатологија, така што е скоро невозможно пациенти за скрининг да се прегледуваат со пациенти закажани во мој термин. Постои и послаб одговор на активност од страна на матичните лекари кои треба да ги повикуваат пациентите за тест.
Мамографскиот скрининг за рана детекција на карцином на дојка сеуште не е отпочнат. Направена е анализа и технички извештај за состојбата со мамомати, доктори и РТГ технолози. Детектирани се проблеми со упатувања на пациенти и најголем проблем е непризнавање на упатите од страна на ФЗОМ. Формирана е Комисија која воочените проблеми ги и потребата од измена на програмата за скрининг на дојка, ги стави во записник.
Клиниката за гастроентерохепатологија ги спроведува промотивните активности за превенција и рана дијагностика на хепато-целуларниот карцином во рамките на новоотворениот Центар за болести на црн дроб. За овој скрининг клиниката се изјасни дека се потребни дополнителни средства за набавка на тестови што условува проширување на финансиската рамка на целокупната програма.
***Заштита на населението од Хив/Сида***
За реализација на планираните активности во програмата за 2022 има средства во висина од 100.700.000,00. Реализација на средствата за првите 6 месеци од програмата изразена во проценти е 7,75%
***Здравје за сите***
Вкупен износ на одобрени средства за реализација на програмата се 4.000.000,00 денари, а во првите 6 месеци се реализирани 621.179,00 денари
***Систематски прегледи на ученици и студенти***
Вкупен износ на одобрени средства за реализација на Програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2022 се 10.770.000,00 денари. Во првите 6 месеци има реализација на 1.174.564,00 денари
***Поддршка на имплементација на Декада и стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година***
-учество на номинирани лица во подготовка на новата Стратегија за инклузија на Роми 2022-2030 која е и усвоена. Од секторот здравство активно учество земаа номинираните лица во подготовка на Акциониот план 2022-2030 г. во кој беа дефинирани и обработени обврските на секторот здравство согласно донесената Стратегија. Координаторот за спроведување на Стратегијата и Акциониот план во Министерството за здравство, понатака треба да направи подетален осврт на дефинирањето на активностите од Стратегијата со планирање на истите и буџетската конструкција за реализација на годишно ниво, и нивно следење согласно барањата на Стратегијата.
***Јакнење на капацитетите на стоматолошката здравствена заштита во системот***
Реорганизација на стоматолошката дејност/служба
Во делот на стоматолошката здравствена заштита (реорганизација на стоматолошката дејност/служба), извршени се 232 увиди и направени се 232 записници, а во тек на изработка се уште 40, од страна на комисијата за утврдување на фактичката состојба преку вршење на увид во условите во однос на просторот и опремата за вршење на стоматолошка здравствена дејност
Издадени се овластување за ментори од областа на стоматологијата, и тоа:
- 22 овластувања(1 овластување е за ментор на специјализација по максилофацијална хирургија, 12 овластувања за ментори на супспецијализација по орална имплантологија, 9 овластувања за ментори на супспецијализација по ендодонска хирургија)
- 3 овластувања за ментори на специјализација по стоматолошка протетика се во тек
***Ревизија на критериумите за проширување на мрежата*** - Проширување на мрежата за вршење на стоматолошка здравствена дејност на секундарно ниво (протетика, орална хирургија, ОРЛ и ортодонција)
Координација на комисијата за утврдување на фактичката состојба преку вршење на увид во условите во однос на просторот и опремата за вршење здравствена дејност(стоматологија)
Извршени се 87 увиди и направени се 87 записници
Комисиите за спроведување на постапка за доделување на лиценца за вршење здравствена дејност Стоматолошка протетика, Ортодонција, ОРЛ и Орална хирургија на ниво на секундарна здравствена заштита во мрежата на здравствени установи:
Доделени 17 лиценци за Стоматолошка протетика,
22 лиценци за Ортодонција,
7 лиценци за ОРЛ,
3 лиценци за Орална хирургија
Во постапка 20 - орална хирургија
***Превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ)***
За реализацијата на активностите од оваа програма за 2022 година има 20.000.000,00 вкупно средства. За првите 6 месеци од програмата, реализирани се 32,29% од севкупните средства.

***Реформи во ПЗЗ***
Изготвен извештај со статус на реализација на започнатите реформи во ПЗЗ поддржани од СЗО и Светска банка и прогрес во однос на изготвувањето на клиничките упатства поврзани со реформата со ПЗЗ.
***Итна Медицинска Помош***
Систем за следење и менаџирање на возилата на итна медицинска помош во сите градови во РСМ
Министерството за здравство за финансирање на проектот Систем за следење и менаџирање на возилата на итна медицинска помош во сите градови во РСМ побара од ЕУ истиот да се финансира преку ИПА Програмата.
Согласно информациите истиот би се предвидел во ИПА 2023 и почетокот на реализација на истиот доколку биде одобрен би отпочнала и реализирала во 2024 година. Имајќи ги во предвид висината на финансиските средства, доколку Министерството за здравство обезбеди буџетски средства истиот би можел да започне 2022/2023 година кога би се очекувало и да заврши имплементацијата на оваа активност.
***Едукација на екипи од Итна медицинска помош***-обнова на обуката за (Basic Life Support-BLS)
Едукација на екипи од Итна Медицинска помош - обнова на обуката за (Advanced Life Support) обука за работа во санитетско возило
Модул на обука: основно животно одржување -“Basic Life Support”, “Advanced Life Support” и -“Trauma Life Support”
Таргет група: вработени и нововработени лица во службите на Итната медицинска помош во РСМ
Успешност на обука: 97% од присутни лица
*Програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно суспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2022 година
Модул на обука: Едукација на едукатори за Службите за итна медицинска помош
-Таргет група: вработени лица во службите на Итната медицинска помош во РСМ
Успешност на обука: 100% од присутни лица
*Програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно суспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2022 година
*Во подготовка нов Закон за сестринска дејност
***Здравствена заштита на лица со душевни растројства***
Вкупен износ на одобрени средства за реализација на Програмата се 65.000.000,00 денари, а во првите шест месеци реализирани се 20.946.619,00 денари или изразено процентуално 32,5%
Реализацијата на активностите се спроведува континуирано, односно по доставување на фактурите од страна на Јавните здравствени установи и преглед на фактурите, согласно воспоставената процедура во Министерство за здравство, истите се доставуваат до Сектор финансии за исплата.
***Обезбедување на трошоци за болни лица кои се третираат со дијализа, и активности за пациентите со хемофилија ****
Вкупен износ на одобрени средства за реализација на планираните активности од програмата се 6.000.000,00 денари. Во првите 6 месеци се реализирани 244.332,00 денари.
***Обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетес***
Вкупен износ на одобрени средства за реализација на програмата се 845.000.000,00 денари. Во првите 6 месеци се реализирани 242.802,00 денари
Здравствена заштита на лица со болести на зависности
Набавка на метадон и бупренорфин за лицата со болести на зависности - Завршена јавна набавка во висина од 50.000.000,00 денари
Лекување во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога - ЈЗУ месечно фактурираат за извршени услуги по програма за зависности. Вкупно реализирани средства од околу 55% заклучно со месец Мај
Исплата на фактури на добавувач согласно договор, за испорачана терапија – метадон и бупренорфин до ЈЗУ
Добавувачот за обезбедување на терапија, согласно договор, месечно испорачува потребни количини на ЈЗУ, по претходно добиена нарачкаод МЗ. Вкупно реализирани средства од оваа ставка е околу 33%. Исплатени фактури до месец април 2022 година.
Вкупна реализација на програмата заклучно со јуни 2022 е околу 42%.

***Ретки болести***
Набавка на лекови за лица со ретки болести - во завршна фаза е јавната набавка за обезбедување на лекови за ретки болести.
Исплата на фактури на добавувачи согласно склучени договори, за испорачани лекови со вкупна реализација на програмата заклучно со јуни 2022 од околу 54%.
-Континуирано согласно процедурата за прием и дистрибуција на лекови за ретки болести одгворните лица во програмата вршат прием на лекови во веледрогериии добавувачи врз основа на склучени договори како и дистрибуција до универзитетските клиники каде се лекуваат пациентите со ретки болести. Активно учество на одговорните лица за програмата во работата на Комисијата за ретки болести каде се и членови, ги подготвуваат и организираат состаноците на комисијата, одговорни се за водењето на регистерот на лица со ретки болести.
***Трансплантација***
Во првите 6 месеци во целот е реализирана Програмата за трансплантација во делот на финансиското работење поради проширениот обем на активности, потрошени се предвидените 7.0000.000,00 и затоа во јуни 2022 е побарано преку Ребалансот на буџетот дополнителни 4.000.000,00 за да се продолжи со реализација на Програмата
-Детектирани се 7 пациенти во мозочна смрт и реализирани се 3 трансплантации од починат донор при што се трансплантирани 1 срце, 6 бубрега и 7 коскени ткива
-Направена е обука на лекари специјалисти од ЈЗУ УК за Државна кардиохирургија во делот на пред и пост оперативно следење на трансплатирани пациенти, како и обука на 10 член тим за трансплантација на црн дроб од Клиниктата за Абдоменална хирургија и Клиниката за Гастроентерохепатологиј, со што се створија услови за започнување на оваа гранка од трансплантацијата.
-Направени се предвидените исплати за ХЛА типизација на пациенти кон Институциите, исплатени се болничките и Националниот координатор, како и екипите кои работеле трансплантации од жив и од починат донор и трошоците на семејствата кои се согласиле од нивни блиски во мозочна смрт да се донираат органи.
-Направено е ажуруирање на Нациноналните листи за трансплантација на срце, бубрези и изготвена е листа за траснплантација на црн дроб
-Во софтверот на Мој термин, во делот трансплантација внесен е нов модул за трансплантација на црн дроб, како и модул за трансплантација на коскени ткива, со што е заокружен процесот на електронско следење на целокупната постапка за трансплантација од детекција на пациенти во мозочна смрт до постапка за експлантација, трансплантација и постоперативно прифаќање на графтот.
-Во соработка со канецеларијата на ЕУ во Скопје, реализирани се два TAIEX проекти -експертска мисија и студиска посета на земја членка на Еуротрансплант со цел подобрување на системот за трансплантација и создавање на услови за прилучување кон Еуротрансплант.
-Направени се подготовки за структуирање на ткивна банка во рамките на ИТМ.
***Отварање на нови или пренамена на постоечки неискористени болнички капацитети***
Министерството за здравство во моментот не располага со финансиски средства за реализација на планираните активности
***Изградба на нови здравствени објекти***
Изградба на КБ Штип
Проектот се реализира со забавена динамика. Во 2022 година на овој проект реализирани се 59.367.205 ден
***Изградба на Универзитетски Клинички Центар Скопје***
Министерството за здравство разгледува нов концепт на финансирање и имплементација на проектот за изградба на Универзитетски Клинички Центар на greenfield локација во Скопје
***Подобрување на условите на ЈЗУ во РСМ***
<u>*Изградба на Поликлика во О.Сарај*</u>
Проектот се реализира со добра динамика, изведувачот има реализирано околу 85% од договорот и иако рокот за завршување е до 2023, изведувачот ќе ги заврши активностите на објектот во третиот квартал од 2022 година. Во 2022 година на овој проект реализирани се 10.799.978 денари.
<u>*Изградба на ОБ Кичево – 2 фаза*</u>
Проектот е во тек и се реализира со добра динамика. Во 2022 година на овој проект реализирани се 15.559.792 ден
***Замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен Дом Скопје***
Согласно динамиката на проектот до сега се реализирани 3 објекти за кои се чекаат извештаи од технички прием од надзорен орган. Преостануваат за реализација уште 7 објекти за реализација. Активностите се во тек.

_Реконструкција на кров на КБ Тетово_. Постапка за Јавна Набавка за избор на изведувач и надзор се завршени и договорите се потпишани. Изведувачот воведен во работа, а рокот за завршување е 6 месеци. Активности во тек

_Изведба на надворешен гасоводен приклучок и изградба на нова гасна котлара за потребите на ОБ Куманово_**.** Објектот е завршен и ставен во функција.

Вкупна реализирана инвестиција 19.109.223,26 денари

_Изведба на ОБ Струмица_ - Објектот е завршен, за ставање во функција потребно е да се обезбеди нова трафостаница. Спроведени активности за обезбедување на нова трафостаница. Во 2022 година на овој проект реализирани се 9.601.135 ден. Во тек

**Подобрување _на_ енергетска ефикасност на ЈЗУ**

Подобрување на ЕЕ на 18 ЈЗУ преку проектот на Министерство за финансии, финансиран од Светска Банка Проектна единица на МЗ и Проектна Единица на МФ

Проектот опфаќа 18 ЈЗУ во кои ќе се спроведат мерки за Енергетска ефикасност. Прв објект со кој ќе се започне изведба е УК за Псхијатрија , Скопје во чија изведба МЗ ќе учествува со финансиски средства од околу 13 милиони денари. Спроведени активности за координација со Министерство за финансии и проектанти. Активности во тек

***Подобрување на ЕЕ на ЈЗУ преку проектот MKD EU for Air Quality - Improvement of the heating system in the public buildings***

Активности преку Проектна единица на МЗ и UNOPS

Во проектот ќе бидат вклучени следните ЈЗУа ЗД Скопје: Поликлиника Битпазар, Поликлиника Ченто, Поликлиника Драчево, Поликлиника Шуто Оризари Психијатриска болница – Скопје, Специјална болница за геријатриска и палијативна нега 13 Ноември – Скопје, Клиничка болница Тетово, Здравствен дом Тетово, ЦЈЗ Тетово

Спроведени активности за прибирање на податоци од ЈЗУ во однос на годишни потрошувачки на различни типови на енергенси

***Зелениот климатски фонд (ЗКФ)***

Активности на Проектна единица на МЗ координирани преку канцеларијата на Вицепремиерот за економски прашања.

Спроведени активности и доставено мислење до Влада по однос на спогодбата за спроведување на проектот.

Проектно-техничката документација е изработена во рамките на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти

Активности спроведени преку проектна единица и UND

Преку ***проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти“*** финансиран од страна на Шведската агенција за развој (СИДА) изработени се 8 проектни документации за 8 ЈЗУ во РСМ.

Во 2022 изработен е и финалниот проект Основен проект (со сите технички фази) за реконструкција и адаптација со подобрување на енергетската ефикасност на Служба за ментално здравје на деца и младинци „Младост“, Здравствен дом – Скопје, со што проектот се смета за завршен.

Медицинска опрема

_Набавка на ангиографски системи за потребите на ЈЗУ_: Институт за радиологија, УК за кардиологија и Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Св. Стефан-Охрид - Спроведена е постапка за јавна набавка и склучени се договори (се чека инсталација)

_Набавка на медицинска опрема_ - Ехо апарати за ЈЗУ УК за детски болести, УК за нефрологија и УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Постапката е во тек на реализација

***Интегриран здравствен информатички систем – МОЈ ТЕРМИН***

Во текот на 2022 година се финализирани предвидените надградби на Националниот систем Мој Термин, а во продолжение следи подетален опис за спроведените надградби:

_Електронско медицинско досие_

Во медицинското досие е додадена опција за прикажување на податоци од преглед кај матичен гинеколог во посебен таб, кој се прикажува само во ЕМД на жени. Како составен дел на ЕМД се и податоците внесени во делот за систематски прегледи и вакцинација.

_Електронски дневник_

Изработен е и модул преку кој ќе се врши контрола на податоците од електронските медицински дневници. Модулот е наменет за вршење на надзор и контрола на внесените податоци од сите установи, од страна на овластени лица од надлежните органи (Министерство за здравство, ДСЗИ,ФЗОМ).

_Следење на превентивата во Здравствените Домови_

Модул за евиденција и следење на систематски прегледи за предшколска и школска возраст

Во овој модул во текот на 2021 година се овозможи внесување податоци од систематски прегледи во предшколска и школска возраст, со можност за внес на сите податоци од прегледот: висина, тежина, проценка на вид, телесна развиеност и сл. Лекарот при евиденција на податоците од систематскиот преглед има увид на податоците од претходните систематски прегледи. Постои и можност за ретроградно евидентирање на податоци од систематските прегледи за лица помлади од 18 години. Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение.
Средношколците се опфатени со систематски прегледи во 1-ви и 4-ти клас (или 3-та завршна година). Содржината на систематскиот преглед зависи од возраста на ученикот.

*Модул за следење на имунизацијата во реално време*

Во овој модул во текот на 2021 година се овозможи систем за следење на имунизацијата во реално време на популацијата во Република Македонија, развиен е систем преку кој на централно ниво се евидентира и управува со залихата на вакцини во сите здравствени установи. Во рамки на секоја Здравствена установа Ќе се регистрираат сите вакцинирања и сите случаи на несакани ефекти по спроведена имунизација. Системот е изработен како модул во склоп на Националниот систем за електронски евиденции во здравството Мој Термин, и истот е поврзан со модулот за евиденција на резултати од извршени систематски преглед во предучилишна и училишна возраст и модулот за водење на бременост и породување.

*Модул за евиденција за следење на протокол за пациенти со акутен срцев удар со елевација на СТ сегмент (СТЕМИ протокол)*

Воведен е образец за СТЕМИ регистар. Образецот содржи структурирани податоци кои се пополнуваат од почетокот на дијагностицирање на пациентот (инфарктот) до завршување на лекувањето и испис на пациентот. Во процесот на лекувањето се инволвирани лекари од повеќе установи и повеќе нивоа на здравствена заштита. Сите имаат можност да пополнат дел или сите од податоците во образецот. Образецот за пополнување може да се иницира со внес на дијагноза за пациентот.

*Сентинел надзор на САРИ - сериозни акутни респираторни инфекции*

Преку овој модул овозможено е следење на лицата со сериозна акутна респираторна инфекција хоспитализирани во здравствени установи од секундарна и терцијарна здравствена заштита. Овие лица се евидентираат со пополнување на образец- индивидуална пријава за пациент која содржи податоци од епидемиолошка анкета, како и податоци за вакцинација, хронични медицински состојби, антивирусни лекови и исход од болеста на пацинтот. Исто така има можност за евиденција на лабораторискoто тестирање на пациентот како и резултатите од истото. Детектираните САРИ случаи во тек на една извештајна недела се сумираат и тие вредности може да се внесуваат во образец - САРИ неделен извештај, кој што се праќа до ИЈЗ

*Патронажна служба*

Како дел од модулот за превентива е подмодулот за патронажа, во кој се евидентираат прегледите кои ги врши патронажната служба (посета на трудници, посета на новороденчиња, хронично болни и сл.)Секоја регионална патронажна служба може да пристапи до листа и податоци за новородените во својот регион (податоците се преземаат од пријавата за новородено) Во модулот за патронажна служба овозможен е увид во мајчина книшка во делот каде што се водат бремени жени и во делот на породени. Исто така во делот за породени жени овозможен е увид во пријавата за породување. Патронажната служба може да ги евидентира и податоците од прегледот во вид на текстуален извештај.

*Модул за Covid19*

За потребите на следење на пациентите за Covid19 во системот се воведени се неколку под модули и тоа: закажување на пациенти за тестирање од матичен лекар, следење на позитивни пациенти на домашно лекување и регистар на Covid19 тестирани пациенти.
Во системот е воведен прашалник со имплементиран алгоритам кој врз база на внесените симптоми и состојби го одредува нивото на ризик на пациентот (низок, среден или висок ризик) и соодветно во системот автоматски се креира упат за тестирање. За потребите на закажување креирани се соодветни пунктови и термини во кои се зема брисот за пациентот. Прашалникот го пополнува матичниот лекар по телефон, а пациентот добива СМС со точниот термин и пункт во кој треба да се јави. Во системот се внесуваат резултатите од тестирањето од страна на лабораториите и истите во реално време им се достапни на матичните лекари на увид.
Дополнително за пациентите кои се на болничко лекување овозможено е да се закаже контролен тест по завршување на лекувањето.
За сите пациенти кои се со полесна клиничка слика и се на домашно лекување развиен е прашалник и алгоритам на следење на состојбата. Матичниот лекар секој ден внесува дневен прашалник за состојбата на пациентот. Во системот е имплементиран алгоритам кој ги зема во предвид сите пациенти за кои има дневен извештај минимум 10 дена во континуитет и како предлог за излекувани ги дава пациентите за кои

во последните три дена е евидентирано дека се во добра здравствена состојба. Секој оператер во центар за јавно здравје, на маил добива листа на пациенти како предлог за изготвување на решение за излекуван пациент.

Во системот Мој Термин како дел од модулот за COVID19 направена е функционалност за креирање на епидемиолошки анкети за секој позитивен пациент на COVID19. За секој регистриран позитивен пациент автоматски се креира епидемиолошка анкета, која автоматски се распределува соодветно на корисник со ново-воведена улога во системот, наречена Анкетар. Епидемиолошките анкети содржат лични податоци за пациентот, како и податоци за симптоми,коморбидитети, хоспитализација, контакт со позитивен на COVID19, како и листа на контакти со кои контактирал. Овие анкети ги пополнуваат анкетарите кои им се јавуваат на пациентите.

До епидемиолошките анкети кои се потврдени како завршени, имаат автоматски пристап и увид и инспекторите во ДСЗИ на кои им е овозможено креирање на решенија за изолација евидентирани во системот Мој Термин, кои имаат можност за печатење. Исто така за инспекторите од ДСЗИ направени се автоматски извештаи за дневно ниво. Извештаите опфаќаат: Дневен извештај до МВР, Збирен дневен извештај за ДСЗИ, Листа на позитивни, Листа на контакти.

Како дел од COVID19 модулот, за потребите на ДСЗИ направена е функционалност за генерирање на решенија за изолација за пациенти позитивни на COVID19, контакти кои биле со потврден случај на COVID19, како и можност за генерирање на решение за изолација на лица од граничен премин кои при патување надовр од РСМ, при пристугнување назад не прикажале некои од потребните документи. Решенија за изолација може да се преземаат во Word документ(според првичната верзија) и во PDF. PDF верзијата од решението се чува во база и истото дигитално се потпишува. На PDF верзијата има потпис со слика и од инспекторот, која може да се прикачи во делот Корисници. Генерираните pdf решенија за изолација имаат можност да се симнуваат преку vakcinacija.mk, каде што за секој граѓанин за кој има изготвено решение за изолација, треба да се најави на vakcinacija.mk и истото да го преземе.

За потребите на Царина, направен е сервис за превземање на решенија за изолација, креирани во временски рок од датуми кои се праќаат при повикување на сервисот.

Во модулот за COVID19 направени се промени во делот на оздравување на пациентите позитивни на COVID19. За таа цел креиран е посебен таб 'Тековно позитивни COVID19 пациенти', кој е видлив само за матичните лекари. Во овој таб тие ги гледаат само оние пациенти кои се моментално позитивни и не се оздравени, како и број на денови кои поминале од датум на позитивен резултат. Во оваа страна матичните може да сменат статус на пациент Асимптоматиски, Симптоматски или Хоспитализиран. Овие статуси да имаат удел при оздравувањето со job-от кој се извршува секоја ноќ. За асимптоматските случаи се оздравуваат после 7 дена, додека симптоматските после 10 дена. За пациентите кои немаат матичен или матичните не им го ажурирал статусот, после 7 односно 10 дена се појавуваат кај епидемиолозите од ИЈЗ (Оздравен по епи.проценка).

*Модул за телемедицина*

Преку модулот за телемедицина е овозможено од страна на лекарите да се резервира видео комуникација со пациентите. Модулот опфаќа закажување на прегледот, креирање на линк за настанот кој се испраќа преку мејл или смс до пациентот. Исто така, за извештајот издаден од лекарот постои можност за дигитално потпишување, односно системот може да прифаќа дигитално потпишани документи (pdf). Модулот е составен дел на апликацијата за работа на матични лекари и специјалисти.

*Портал Vakcinacija.mk*

Националниот електронски здравствен систем Мој Термин и модулот за имунизација се надградени со можност за регистрација односно пријава за вакцинација против Ковид-19.

Оваа можност е овозможена преку јавниот портал vakcinacija.mk, каде што секој граѓанин може да се пријави дека сака да се вакцинира против COVID19. Со оваа пријава влегува во системот Мој Термин во листата на пријавени за COVID19 вакцинација. Секој граѓанин кој се пријавува на vakcinacija.mk, добива повратен емаил за успешна или неуспешна пријава, и доколку е успешна пријавата истиот може да ја откаже.

Јавниот портал vakcinacija.mk е надополнет со функционалност за пријавување за COVID19 вакцинација и за странски граѓани, при што потребно е да внесат валиден број на пасош и други лични податоци.

Јавниот портал vakcinacija.mk е надополнет со можност за креирање на корисничка сметка за граѓаните на РСМ со внесување на ЕМБГ и мобилен телефон. Истото е овозможено е за странски граѓани со внесување на број на пасош/EHIC број/ID број, датум на раѓање и мобилен телефон. При најава со веќе креирана корисничка сметка, пациентите имаат увид во пријавата за COVID19 вакцинација, при што може да видат за во кој пункт се пријавени и дали имаат закажан термин за вакцина. Исто така секој пациент има увид во примени вакцини, и има можност преку својата корисничка сметка може да си генерира и преземе сертификати за вакцинација или прележан COVID19.

